# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.70/06 од 06.06.2006 година**

**Член 1**

Во Законот за административните такси ("Службен весник на Република Македонија" број 17/93, 20/96, 7/98, 13/2001, 24/2003, 19/2004, 61/2004, 95/2005 и 7/2006), во членот 37 во Тарифата на административните такси по тарифниот број 30-в се додава нов тарифен број 30-г, кој гласи:

*Тарифен број 30-г*

Издавање на дозволи за вршење на финансиски лизинг на домашни трговски друштва и странски трговски друштва кои имаат основано подружница во Република Македонија 1.500.

**Член 2**

По тарифниот број 33-б се додаваат пет нови тарифни броја 33-в, 33-г, 33-д, 33-ѓ и 33-е, кои гласат:

*Тарифен број 33-в*

а) За барање за добивање дозвола за складирање, третман и/или за преработка на отпадот 100.

б) За решение по барање за добивање дозвола за складирање, третман и/или за преработка на отпадот 800.

в) За дозвола за складирање, третман и/или преработка на отпадот 9.000. За решение по барање за обновување на дозвола за складирање, третман и/или за преработка на отпад 800.

*Тарифен број 33-г*

а) За барање за добивање дозвола за собирање и за транспортирање на комуналниот и на другите видови неопасен отпад 50.

б) За решение по барање за добивање дозвола за собирање и за транспортирање на комуналниот и на другите видови неопасен отпад 800.

в) За дозвола за собирање и за транспортирање на комуналниот и на другите видови неопасен отпад 9.000.

г) За решение по барање за обновување на дозвола за собирање и за транспортирање на комуналниот и на другите видови неопасен отпад 800.

*Тарифен број 33-д*

а) За барање за добивање дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад 200.

б) За решение по барање за добивање на дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад 1.200.

в) За добивање дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад 12.000.
г) За решение по барање за обновување на дозвола за собирање и за транспортирање на опасен отпад 1.200.

*Тарифен број 33-ѓ*

а) За барање за добивање дозвола за оператор на депонија 250. За решение по барање за добивање дозвола за оператор на депонија 1.200.
б) За добивање дозвола за оператор на депонија 20.000. За решение по барање за обновување на дозвола за оператор на депонија 1.200.

*Тарифен број 33-е*

а) За барање за добивање дозвола за оператор на инсталација за горење или согорување на отпад 250.
б) За решение по барање за добивање дозвола за оператор на инсталација за горење или согорување на отпад 1.200.
в) За добивање дозвола за оператор на инсталација за горење или согорување на отпад 20.000.
г) За решение по барање за обновување на дозвола за оператор на инсталација за горење или согорување на отпад 1.200."

**Член 3**

Во тарифниот број 72 во забелешката во точката 3 износот "50%" се заменува со износ "15%".

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".